**2017002008**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 90 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Член 1

Во Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/13, 88/14, 110/14, 132/14, 56/15 и 195/16) во членот 6 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:

„(2) При теренските мерења од ставот (1) на овој член се прибираат и податоци за година на градба, година на реконструкција и материјал на градба во функција на воспоставување на Регистарот на цени и закупнини, кои податоци ги пополнува носителот на правото на недвижностите во Изјава со податоци за недвижности.

(3) Формата и содржината на Изјавата од ставот (2) на овој член е дадена во Прилог број 18 кој е составен дел на Правилникот за премер на недвижности.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-22735/2
30 декември 2016 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Анета Јорданова,** с.р.